

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***јануари 2020 година***
***ЕУЦ-број 52/2020***

## ХРВАТСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Република Хрватска од 1 јануари до 31 јуни 2020 година, за прв пат го предводи шестмесечното ротирачко претседателство со Советот на ЕУ. Под слоганот *„Силна Европа во светот со многу предизвици“,* Хрватска во текот на претседателство ќе настојува да придонесе во изградбата на подобра и покомпактна Европа. Значајни одлуки се очекуваат во донесување на повеќегодишната финансиска рамка на ЕУ за 2021 - 2027, квалитетно и чесно решение на односите меѓу ЕУ и Велика Британија, за двете страни.

Водејќи се од хрватските национални приоритети во согласност со насоките од новата стратешка програма на ЕУ 2019-2024, како и работата на претседателската тројка (Романија, Финска и Хрватска), шестмесечната програма на Хрватското претседателство се базира на следните 4 приоритети:

***„Европа која се развива“*** - претседателството ќе се залага за воедначен и одржлив раст, ќе ги земе предвид потребите на сите земји членки, региони и граѓани. ЕУ во време на дигитална револуција е соочена со нови глобални предизвици и демографски промени. Гаранција за конкурентност на Унијата е натамошно продлабочување на единствениот пазар, поттикнување на дигитализацијата, подобрување на животот на граѓаните, инвестирање во иновации и истражувања, заштита на животната средина и борба против климатските промени.

***„Европа која поврзува“*** - претседателството ќе поттикнува политики насочени кон инфраструктурно поврзување на Унијата како и зближување на европските граѓани најпрво преку образование, култура и спорт. Заради постигнување на целосна социјална, економска и територијална кохезија потребно е дополнително развивање на патната, енергетската и дигиталната инфраструктура и поврзаност.

***„Европа која штити“*** - од најголема важност за ЕУ е сигурноста на европските граѓани, поради што ќе се зајакнува внатрешната сигурност, ќе се обезбеди поефикасна заштита на надворешната граница на ЕУ, целосна операбилност на информациските системи, наоѓање на сеопфатно решение за одржливи и ефикасни политики за миграции и азил.

***„Влијателна Европа“*** - промовирањето на европските вредности и интереси, јакнење на мултилатерализмот, европската безбедносна политика и одбрамбената соработка, спроведувањето на целите од Програмата на ОН за одржлив развој 2030, остануваат главни одредници на надворешното дејствување на ЕУ.

Хрватското претседателство ќе се залага за продолжување на кредибилна и ефикасна *политика на проширување* како влог во стабилноста и сигурноста како и за натамошен економски развој и поврзување на европскиот континент. Претседателството ќе вложи значајни напори за постигнување на соодветни политички одлуки базирани на потврдената европска перспектива на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ, по целосно и доследно исполнување на утврдените критериуми. Претседателството ќе се фокусира на постигнување напредок во пристапните процеси и спроведување на договорите за стабилизација и асоцијација.За двете земји кандидати за членство Северна Македонија и за Албанија, Хрватското претседателство ќе се залага за отворање на пристапните преговори со ЕУ. Во рамки на Хрватското претседателство, во мај во Загреб ќе се организира самит за ЕУ-Западен Балкан.

https://eu2020.hr/

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Хрватско претседателство со Советот на ЕУ | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Прва коалициона влада во Шпанија | 3 |
| Втор мандат за Себастијан Курц- Канцелар на Австрија | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Обновена заложбата на ЕУ за климатска дипломатија | 6 |
| Одобрен Договорот за Брегзит | 6 |
| Ден на заштита на податоците | 7 |
| Зголемување на минималната плата во Шпанија | 7 |
| 2019 - најтопла година во Европа | 8 |
| Десет години на Европскиот институт за родова еднаквост | 8 |
| Риека и Голвеј - европски престолнини на културата | 9 |
| Договор за климатски проект на ЕИБ со Виена | 9 |
| 100 милиони евра за Европската ракетна програма | 10 |
| Поголема вклученост на младите во земјоделската политика на ЕУ | 10 |
| Производството на портокали во Европа | 11 |
| ЕУ календар / февруари 2020 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa

**Со 691 глас одобрен Договорот за повлекување на Велика Британија од ЕУ**

**Резолуција за задолжително воведување на заеднички полначи за сите мобилни уреди во ЕУ.**

**На Пленарната сесија на ЕП, одржана од 14 до 16 јануари 2020**, премиерот на Хрватска Андреј Пленковиќ ги презентираше приоритетите на Хрватското претседателство со Советот на ЕУ, пред европратениците и претседателката на Комисијата, Урсула фон дер Лајен. Европратениците ги поддржаа плановите на Хрватското претседателство, а дел од нив изразија загриженост во врска со третманот на мигрантите на хрватско -босанската граница.

Европскиот парламент смета дека Конференцијата за иднината на Европа треба да бара начини за вклучување на претставниците на земјите-кандидатки за ЕУ во дискусиите, се наведува во резолуцијата усвоена со 494 гласа. Предлогот за Конференцијата, што треба да се одржи од 2020 до 2022 година, беше иницирон во ноември минатата година од претседателот на Франција Еманует Макрон и германската канцеларка Ангела Меркел. Целта беше да се преиспита функционирањето на институциите на ЕУ и нејзините приоритети во политиката.

Во дебатата со Дубравка Шуица, потпретседател на Комисијата за демократија и демографија и Николина Брњац, претставничка на хрватското претседателство со Советот, европратениците со 494 гласа усвоија резолуција во која е претставена визијата за претстојната конференција за иднината на Европа. Европратениците сакаат граѓаните да бидат вклучени во дискусиите за решавање на внатрешните и надворешните предизвици што не беа предвидени за време на Договорот од Лисабон.

Во резолуција која беше усвоена, европратениците ги истакнаа правата на граѓаните во контекст на „Brexit“ укажувајќи дека нивната согласност за Договорот за повлекување ќе ги земе предвид „стекнатите искуства и дадени гаранции“ за нивна заштита. Вториот дел од Договорот за повлекување ги штити граѓаните на ЕУ во Велика Британија и граѓаните на Велика Британија во други земји на ЕУ, како и нивните семејства.

Европскиот парламент го редефинираше бројот на членовите во своите комитети и поткомитети, што ќе стапи на сила веднаш по повлекувањето на Велика Британија од ЕУ.

Во резолуција донесена со 446 гласа, европратениците посочија дека дебатите со Полска и Унгарија организирани од Советот според член 7 од Договорот не се ниту редовни ниту структурирани. Тие го повикаа Советот да упати конкретни препораки до засегнатите земји, вклучително и рокови, со цел да се осигури дека се почитува законот на ЕУ.

Европратениците со резолуција, остро го осудија обидот на режимот на Николас Мадуро да го инсталира провладиниот кандидат Луис Пара за нов претседател на националното собрание на Венецуела на 5 јануари годинава.

Европратениците сакаат на претстојната глобална конференција за биолошка разновидност COP15 да се постигне договор за правно обврзувачки цели, како што беше случајот со Парискиот договор за климатските промени.

Европратениците на пленарната сесија го одобрија годишниот извештај за истрагите на Европскиот правобранител за 2018 година.

**На пленарната сесија на 29 и 30 јануари 2020** со 621 глас „за“, 49 „против“ и 13 воздржани беше одобрен Договорот за повлекување на Велика Британија од ЕУ. Преодниот рок започнува на 1 февруари, а истекува на крајот на декември 2020 година.

Постои „итна потреба за регулаторно дејствување на ЕУ“ за намалување на електронскиот отпад и оспособување на потрошувачите да направат одржлив избор, се нагласува во резолуцијата одобрена со 582 гласа, повикувајќи на задолжително воведување на заеднички полначи за мобилни уреди.

Европратениците со резолуција усвоена со 493 гласа, ја повикаа Комисијата да претстави амбициозна стратегија за родова еднаквост, вклучително и мерки за намалување на родовиот јаз во платите.

## ПРВА КОАЛИЦИОНА ВЛАДА ВО ШПАНИЈА



Шпанскиот парламент со тесно мнозинство го избра лидерот на социјалистите Педро Санчез за премиер на новата влада, ставајќи крај на речиси едногодишна политичка криза, во четвртата по големина економија во еврозоната. За изборот на Санчез, поранешен премиер и лидер на владејачката Шпанска социјалистичка работничка партија (PSOE) гласаа 167 пратеници. Санчез положи заклетва на 8 јануари, во присуство на кралот Фелипе VI. Партијата на Санчез ќе ја предводи малцинската влада во која партнер ќе биде левичарската коалиција „Обединети можеме“ на Пабло Иглесијас.
Во 2019 година Шпанците гласаа двапати на предвремени парламентарни избори. Во април и ноември социјалистите освоија најмногу гласови, но не и апсолутно мнозинство. По изборите на 10 ноември минатата година, Санчез постигна договор за коалиција со коалицијата „Обединети можеме“, со кој социјалистите заедно имаат 155 од 350 места во парламентот, за апсолутно мнозинство недостасуваат 21 пратеник.
На 3 јануари 2020 год., Санчез постигна договор со неколку мали партии кои ветија дека ќе се воздржат на второто гласање, дозволувајќи му на Санчез да биде реизбран за премиер. Новата Шпанска влада ќе биде првата коалициона влада во Шпанија од возобновувањето на демократијата во 1978 година. Претседателот на Европската комисија Урсула фон дер Лајен му честиташе на Санчез на Твитер - „Шпанија е клучен партнер и ние ќе работиме тесно за посилна, по обединета и поправедна Европа“.
„Шпанија конечно може да формира влада, сепак, нејзиното мнозинство е тесно и земјата нема многу искуство со повеќепартиски коалициони влади“, предупреди аналитичарот на Мудиза, Кетрин Муелбронер. „Буџетот за 2020 година ќе биде првиот показател за економската насока на новата влада“, рече таа, додавајќи дека напуштањето на важни реформи на пазарот на трудот ќе биде огромен ризик.

https://euractiv.rs

## ВТОР МАНДАТ ЗА СЕБАСТИЈАН КУРЦ - КАНЦЕЛАР НА АВСТРИЈА



Новата австриска влада, составена од австриската Народна партија на канцеларот Себастијан Курц и партијата на Зелените, на 7 јануари 2020 година положи заклетва.
Себастијан Курц ја презеде титулата најмлад шеф на владата во светот од новоизбраниот канцелар од финската премиерка Сана Марин (34), која ја презеде функцијата во декември. Конзервативецот Курц (33) на 7 јануари годинава, по седум месеци отсуство, го започна својот втор мандат како шеф на владата. Во новата влада, жените се мнозинство за прв пат и Зелените за прв пат влегоа во националната влада. Осум од 15-те министри во владата се жени, меѓу кои Клаудија Танер, прва министерка за одбрана на Австрија и министерката за правда Алма Задиќ. Алма Задиќ е прва австриска министерка од имигрантско потекло. Нејзиното семејство ја напуштило Босна за време на конфликтот во поранешна Југославија кога имала 10 години.
Лидерот на зелените Вернер Коглер е новиот заменик-канцелар. Неговата партија има министер кој ќе се занимава со животната средина, енергетиката и инфраструктурата, додека клучните министерства за внатрешни работи, финансии и надворешни работи ги предводат министри од Австриската народна партија.
По свикувањето на предвремените избори, во текот на кампањата преовладуваа прашањата за животната средина. Во постигнатиот договор за коалиција, се имаа предвид целите на Зелените, како што се дејствување за климатските промени, вклучително и целта на климатската неутралност до 2040 година и зајакнување на владината транспарентност и администрација.
Договорот опфаќа и многу од приоритетите на конзервативците, како што е намалување на даночното оптоварување на Австријците и продолжување на „цврст став“ за миграцијата.
Новиот канцелар јна Австрија асно стави до знаење дека тој сè уште се спротивставува на распределбата на мигрантите низ цела Европа.

https://euractiv.rs

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА





Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 28 и 29 јануари 2020 година, во Брисел учествуваше и имаше свое обраќање на Самитот на претседатели на парламенти на земјите од Западен Балкан и на Европскиот парламент, организиран под покровителство на претседателот на Европскиот парламент, Давид Сасоли.Претседателот Џафери оствари средба со европратениците Тања Фајон и Владимир Билчик, копретседавачи на Групата за демократска поддршка на Западниот Балкан на која се дискутираше за дијалогот Жан Моне и постигнатите резултати во градењето на политичкиот дијалог во Собранието. Кратка средба Џафери оствари и со европратеникот Андреј Ковачев од Бугарија, заменик на претседателот на Групата на Европските народни партии за ЗБ. Претседателите на парламентите на Република Албанија, на Босна и Херцеговина, на Република Косово, на Црна Гора, на Република Северна Македонија и Република Србија, заедно со претседателот на Европскиот парламент и претседателот на Парламентот на Република Хрватска, како претставник на хрватското претседателство со Советот на ЕУ, усвоија и потпишаа заедничка Декларација, како одраз на заедничките заложби и посветеноста за зајакнување на парламентарната димензија на процесот на проширувањето.



Од 31 јануари до 1 февруари 2020 година во Собранието се одржа Третиот Жан Моне дијалог за мир и демократија. Во фокусот на Дијалогот беше продолжување на дискусијата за постигнување на усогласеност на ставовите за изготвување на Деловник за работата на Собранието, како најзначајната алатка за неговото функционирање. Со сесиите копретседаваа претседателот на Собранието,Талат Џафери и европратениците: Андреас Шидер и Марион Валсман, претседател и потпретседателка на Делегацијата во МПК ЕУ-Северна Македонија и Илхан Кјучук, постојан известител на ЕП за нашата земја. По дводневниот отворен и конструктивен дијалог, политичките групи и раководството на Собранието се договорија за измените кои ќе осигурат парламентот во својот нов состав да биде ефикасен, транспарентен и ефективен во реализирањето на аспирациите на граѓаните, вклучително и во унапредувањето на членството на земјата во ЕУ и интеграцијата во евроатланските институции.
Претседателката на Делегацијата на Собранието во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, Соња Мираковска, на 31 јануари, во Скопје оствари средба со нејзиниот колега од европска страна, европратеникот Андреас Шидер



Претседателот Џафери на 15 јануари 2020 година оствари средба со еврокомесарот за соседска политика и преговори за проширување на Европската Унија, Оливер Вархеји кој по преземањето на функцијата во новиот состав на Европската комисија, за првпат престојува во дводневна работна посета на Република Северна Македонија. На средбата Џафери изрази надеж дека заедничките напори ќе резултираат со одлука за почеток на преговорите во март или мај оваа година. Комесарот Вархеји оддаде признание за напорите на државата во остварување на своите аспирации за европска интеграција.



Собранието на 130 седница, на 16 јануари годинава, со огромно мнозинство го изгласа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Македонија. Измените на Законот за Собрание, коишто обезбедуваат финансиска самостојност и независност на собраниската служба, ги предложија претседателот на Собранието Талат Џафери, координаторите на пратеничките групи, а поддршка дадоа и сите пратеници во законодавниот дом. Согласно Законот, на 03 февруари се одржа првата средба на Советот на собраниската служба, на која се обрати претседателот на Собранието и Генералната секретарка на Собранието.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

На Комисијата за европски прашања, на седницата одржана на 27 јануари 2020 година од страна на амбасадорката на Република Хрватска во Република Северна Македонија, Н.Е Нивес Тигањ беа претставени Програмата и приоритетите на Хрватското претседателството со Советот на ЕУ. Еден од приоритетите на Хрватското претседателство е и проширувањето со нови земји членки, согласно новата методологија на ЕУ, која треба да биде усвоена наскоро. На седницата свои обраќања имаа претседателот Артан Груби, амбасадорот на ЕУ во Северна Македонија, Семуел Жбогар и вицепремиерот за европски прашања, Бујар Османи, кои ја нагласија потребата за инклузивен пристап на целото општество во државата, со цел реализација на потребните ЕУ реформи, за да земјата напредува на патот кон ЕУ.На седницата беа поканети членовите и претставниците на НСЕИ, МПК РМ-ЕУ и Комисијата за надворешни работи , граѓански организации.



www.sobranie.mk




Делегација на Собранието во состав Шпреса Хадри и Славица Шуманска-Митева, членки на Комисијата за европски прашања, на 20 јануари 2020 година учествуваа и имаа свои обраќања на дводневна Конференција на парламентарните комисии за европски интеграции/прашања на државите опфатени во Процесот за стабилизација и асоцијација, која се одржа во Тирана, Албанија. Во обраќањата пратеничките изразија надеж за отпочнување на преговорите за членство во ЕУ за просперитет на нашите граѓани.

Во рамките на дводневната Конференција на Комисиите за европски прашања на земјите ЕУ членки - КОСАК, која се одржа на 20 јануари 2020 година во Загреб свое обраќање имаше шефот на Делегацијата на Собранието, Ејуп Алими. Во својот говор Алими изрази благодарност на хрватскиот премиер Пленковиќ, кој во своето воведно обраќање искажа подготвеност да ги поддржи европските аспирации на земјите од Западен Балкан, во рамките на Хрватското претседателство со Унијата.






Делегација на Собранието предводена од Бетиане Китев, во чиј состав се Шпреса Хадри и Никола Попоски во својство на членови, на 30 јануари присуствуваа на првиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ). Со свои дискусии во одделни дебати за слободата на медиумите и слободата на вероисповед на работното место учествуваа Шпреса Харди и Бетиане Китев. Делегацијата оствари средба со известувачот на Мониторинг комисијата за нашата земја, Лиз Кристоферсен.

Делегација на Собранието предводена од претседателката на Комисијата за здравство, Мирсада Емини-Асани, во состав: Бети Рабаџиевска-Наумовска, Ванковер Манчев, Мери Лазарова и Сашо Василевски, од 27 до 30 јануари 2020 година, престојуваше во Берлин, Сојузна Република Германија, по покана од претседателот на Комисијата за здравство во германскиот Бундестаг. На средбите се дискутираше за работата и начинот на функционирање на Комисијата за здравство, системот на законското здравствено осигурување во Германија и улогата на Сојузното министерство за здравство во националниот законодавен процес. Делегацијата оствари средба и со ЕУ известувачите на Комисијата за здравство во Германија и тоа: д-р Георг Кипелс, д-р Роби Шлунд, д-р Виланд Шиненбург и д-р Кирстен Каперт-Гонтер.



## ОБНОВЕНА ЗАЛОЖБАТА ЗА КЛИМАТСКА ДИПЛОМАТИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА



На состанокот на 20 јануари годинава на Советот на ЕУ, министрите за надворешни работи разговараа за климатската дипломатија и ја истакнаа политичката важност на климатските активности за ЕУ. Советот усвои заклучоци за климатската дипломатија, што претставува јасен знак дека климата во 2020 година ќе биде еден од приоритетите во надворешната политика на ЕУ.
Советот истакна дека ЕУ треба да ги поттикне третите земји да ги интензивираат напорите заедно со ЕУ и да се поддржат нивните напори преку инструментите за надворешна политика на ЕУ. Заклучоците ја потенцираат и важноста на засилување на активности за пристап до климатски активности со земјите партнери и регионалните организации, вклучително и во контекст на претстојните самити. Во заклучоците, Советот потсети дека климатските промени се егзистенцијална закана за човештвото и биодиверзитетот во сите земји и региони и бара итен колективен одговор. Советот продолжува да ги охрабрува - Советот за безбедност на ООН (UNSC) и системот на Обединетите нации да создадат сеопфатна информативна основа за ОН за безбедносните ризици поврзани со климата, целосно да ги интегрираат краткорочните и долгорочните фактори на ризик од климата и животната средина во проценката и управување со закани по мирот и безбедноста, на национално, регионално и меѓународно ниво и да се искористи стручноста на целиот систем на ООН со цел да се најдат оперативни одговори на овие ризици и да се зајакнат мисиите на ООН на теренот.
Во согласност со посветеноста на Парискиот договор, целта за постигнување на климатска неутрална ЕУ до 2050 година и исходот од Европскиот совет во декември 2019 година, Советот ги повикува Високиот претставник, Комисијата и земјите-членки да работат заеднички и итно кон стратешки пристап кон климатската дипломатија до јуни 2020 година што идентификува конкретни, оперативни начини за напредок.

https://www.consilium.europa.eu

## ОДОБРЕН ДОГОВОРОТ ЗА БРЕГЗИТ



Британскиот парламент конечно го одобри Договорот за Брегзит на 9 јануари 2020 година со 330 гласа, со што Британија ќе биде првата земја која ја напушта Европската унија. Некои на Брегзит гледаа со страв дека им ги одзема европските идентитети и ја претвора Велика Британија во изолирана, помалку важна нација. Други го прифатија со нетрпение, сметајќи како шанса да ја „вратат контролата“ од службените лица во Брисел и да видат дека Британија ќе поврати дел од своето минато. Бизнисите и владите во Европа се надеваа дека Брегзит сепак може некако да неуспее. Но, победата на Борис Џонсон на општите избори минатиот месец ги прекинаа превирањата на таа тема.
Најголемата опозициска партија на Лабуристите, гласаше против договорот, знаејќи дека битката е изгубена.
Договорот за Брегзит опфаќа прашања за одвојување, како што се правата на граѓаните на ЕУ и финансиското порамнување на Велика Британија, и утврдува 11-месечен преоден рок во кој ќе се договори пошироко партнерство. Со официјалното одобрување на претседателката на ЕК, Урсула фон дер Лајен и претседателот на Европскиот совет, Чарлс Мишел, договорот беше ратификуван во Европскиот парламент на 29 јануари. Велика Британија ја напушти ЕУ на 31 јануари 2020 год.
ЕУ е подготвена да и понуди амбициозен трговски договор на Британија, со нула тарифи и нула квоти за сите стоки - изјави на 03 февруари Мишел Барние преговарач за Брегзит. Се очекува до октомври годинава двете страни да одржат девет рунди на разговори.

https://www.euractiv.com

## ДЕН НА ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ 2020




Денот за заштита на личните податоци годинава беше одбележан на 16 јануари. Учесниците на Конференцијата, која се одржа во Загреб истакнаа дека општата регулатива за заштита на податоците (GDPR) е донесена од бројни причини, од кои најважно е контролата на секој поединец над неговите лични податоци, како и одговорното постапување на деловните и владините организации од областа на Заштита и чување на лични податоци.

Денот за заштита на личните податоци се одбележува секоја година на 28 јануари. Едукативната димензија на Денот за заштита на личните податоци првично се фокусираше на подигање на свеста кај тинејџерите и младите возрасни за важноста на заштитата на нивните лични информации преку Интернет, особено во контекст на социјалното вмрежување. Образовниот фокус се прошири во текот на изминатите четири години со цел да се вклучат семејствата, потрошувачите и деловните активности.

Конвенцијата за заштита на поединци во однос на автоматска обработка на личните податоци беше отворена за потпишување од Советот на Европа на 28 јануари 1981 година. Оваа конвенција во моментот е во процес на ажурирање со цел да ги одрази новите правни предизвици предизвикани од технолошкиот развој. Конвенцијата за компјутерски криминал исто така го штити интегритетот на системите за податоци, а со тоа и на приватноста во сајбер-просторот. Приватноста, вклучително и заштитата на податоците, е исто така заштитена со член 8 од Европската конвенција за човекови права. Приватноста на податоците е врската помеѓу прибирањето и ширењето на податоците, технологијата, јавното очекување на приватноста и правните и политичките прашања што ги опкружуваат.

https://eu2020.hr

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МИНИМАЛНАТА ПЛАТА ВО ШПАНИЈА



Шпанската влада објави раст од 5,5% на минималната плата ретроактивно од 1 јануари годинава. Тоа е трета „голема“ економска иницијатива објавена од коалицијата левица од превземањето на власта. Овој потег е дел од плановите на владата да се зголеми минималната плата на 60% од просечната месечна плата од 1.944 евра до крајот на нејзиниот четиригодишен мандат.

„Сакам да објавам дека ние сме силна влада, дека го почитуваме мандатот на мнозинството во општеството кое сака да оди напред“, истакна министерката за труд Јоланда Диас на 22 јануари, по средбата со претставници на работодавците и синдикатите. Новата влада исто така најави зголемување на пензиите и платите на државните службеници.

На крајот на 2018 година премиерот Педро Санчез со декрет го зголеми минималецот за 22%. Тоа беше најголем раст од 1997 година и ја помести Шпанија од групата на земји со една од најниските минимални плати во однос на просекот во групата на оние со највисок минималец.

Најавата од владата предизвика незадоволство кај работодавците, но беше добредојдена од синдикатите. Банката BBVA (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria) истакна дека досега зголемувањето на минималната плата има „ограничено“ позитивно влијание, но го забавува и креирањето работни места. Тие изјавуваат дека покачувањето на минималната плата потенцијално ќе чини 45,000 работни места на најмалку развиените региони, како што се Андалузија и Канарските острови. На ова, Владата и синдикатите потврдија дека покачувањето на минималната плата нема да влијае негативно врз вработеноста. Се очекува шпанската влада да го исполни ветувањето и да ги повлече реформите на пазарот на труд од 2012 година со кои се олесни отпуштање на работници во компаниите и намалување на нивната заработка.

https://euractiv.rs

## 2019 - НАЈТОПЛА ГОДИНА ВО ЕВРОПА



Според Извештајот на климатскиот монитор на Европската унија, 2019 беше година со измерена највисока температура досега во Европа. Податоците објавени од Сервисот за климатски промени Коперник (C3S) покажуваат дека светските температури се за само 0,04ºC пониски од 2016 година. Петте последни години беа најжешките, а периодот од 2010-2019 беше најжешката деценија од почетокот на записите, според објавените податоци од C3S. Глобално, температурите во 2019 година беа потопли за 0,6ºC од просекот во 1981-2010 година. Температурата на Земјата во последните пет години беше потопла од 1,1ºC-1,2ºC од пред-индустриското време.

Концентрациите на атмосферскиот јаглерод продолжиле да растат во 2019 година, достигнувајќи го своето највисоко ниво. ООН минатата година соопштија дека стакленичките гасови треба да се намалуваат 7,6% секоја година до 2030 година, со цел да се ограничи зголемувањето на температурата на 1,5 ºC.

Во првата недела од 2020 година, се случија катастрофи поврзани со климата, како што се пожарите што ја уништуваа југоисточна Австралија и поплавите во кои загинаа десетици луѓе во Индонезија. Според научниците, ваквите катастрофи ќе станат почести и поинтензивни со зголемувањето на температурите. Проценките на ООН се дека околу 20 милиони луѓе се раселени во 2019 година како резултат на катастрофите поврзани со климата. Програмата Коперник користи набљудувања од најразлични сателити, временски станици и временски балони за производство на краткорочни глобални и регионални податоци за климата, кои можат да се споредат наспроти историските температурни записи. Во Европа сите сезони беа потопли од просечните, со тоа што неколку земји бележат високи и летни и зимски температури. Месецот декември 2019 година беше потопол 3,2ºC од референтниот период од 1981-2010 година, соопшти C3S. Австралија исто така беше за три степени потопла од историските просеци во декември, соопшти Бирото за метеорологија.

https://www.euractiv.com

## ДЕСЕТГОДИШНИНА ОД ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

10 European Institute for Gender Equality 2010-2020

На 23 јануари годинава во Вилнус, Литванија, лидерите на ЕУ за родова еднаквост одбележаа една деценија на Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE). Високите претставници на ЕУ, Хелена Дали комесар на ЕУ за еднаквост и Евелин Регнер претседател на комитетот за родова еднаквост на Европскиот парламент, се придружија на EIGE во изнесување на постигнувањата и дадоа свои размислувања за тоа како Институтот може да помогне во постигнувањето еднаквост помеѓу жените и мажите.

Институтот беше формиран да им помогне на институциите на ЕУ и земјите-членки да ги искоренат нееднаквостите меѓу жените и мажите. Продуцирањето на споредливи и доверливи податоци на EIGE им овозможува на креаторите на политики да интегрираат родова еднаквост во сите области на политиките, од економијата до климатските промени.

Како што светот се менува, се појавуваат и нови предизвици за родовата еднаквост. Европскиот институт за родова еднаквост го испитува влијанието на дигитализацијата, преку Индексот за родова еднаквост во 2020 година кој е планирано да се фокусира на теми како што е ефектот на технологијата на работното место.

Родовата еднаквост е напишана во основачките договори на ЕУ, но сепак сè уште е далеку од крајната цел. Подобрувањето на родовата еднаквост може да донесе дополнителни 10,5 милиони работни места и 3,15 трилиони во БДП до 2050 година.

Очекувањата на Институтот се да ја продолжи својата работа со надеж дека новата декада ќе донесе понатамошен напредок кон целосна еднаквост меѓу жените и мажите, во Европа и пошироко.

https://eige.europa.eu

## РИЕКА И ГОЛВЕЈ – ЕВРОПСКИ ПРЕСТОЛНИНИ НА КУЛТУРАТА

Риека во Хрватска и Голвеј во Ирска ќе ја делат титулата „Европска престолнина на културата” во 2020 година, а ја преземаат од италијанскиот град Матера и бугарскиот Пловдив кои изминатата 2019 година ја славеа културата на Европа. Целогодишната програма на Риека ќе се реализира под мотото „Пристаниште на различности” и ќе поставува актуелни европски културно-општествени прашања. Три главни програмски теми се водата, работата и миграциите, како симболи на испреплетувањето на идентитетот на Ријека и современа Европа. Официјалното отворање на програмата е на 1 февруари, а во цела 2020 се планирани повеќе од 600 настани. Во подготвувањето се вклучени над 250 партнерски организации и учество на уметници од 40 земји од Европа и од светот.

И програмата на Голвеј, град на западниот брег на Ирска, официјално ќе почне на 1 февруари под слоганот „Нека влезе магијата”, а ќе трае до крајот на јануари 2021.

Најавени се повеќе од 1.900 настани со учесници – партнерски организации од 30 земји, кои ќе се одржуваат во Голвеј и околните села и острови и ќе се совпаѓаат со четирите огнени сезони на античкиот келтски календар. Темите на кои е фокусирана програмата се јазикот, пејзажот и миграцијата.




Европската комисија секоја година одредува почесен домаќин на проектот „Европска престолнина на културата”. Традицијата почна во 1985 година, кога Атина беше културна престолнина на стариот континент. Целта е да се промовира чувството на заедништво во ЕУ.

Во 2021 титулата треба да ја делат три града – романскиот Темишвар, грчкиот Елефсина и српскиот Нови Сад, во 2022 – литванскиот Каунас и Еш во Луксембург, во 2023 – унгарскиот град Веспрем.

https://ec.europa.eu

## ДОГОВОР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОЕКТ НА ЕИБ СО ВИЕНА




Европската инвестициска банка (ЕИБ) и градот Виена потпишаа „Заедничка декларација за климатско партнерство“ во Виена, според која идните проекти на Виена во врска со домувањето, енергијата, отпадот и транспортот ќе бидат предмет на претходна анализа за можно финансирање од Климатската банка на ЕУ. Ова е прво партнерство на Климатската банка на ЕУ. Минатата есен, ЕИБ одлучи да ги усогласи сите активности за финансирање со целите на Парискиот договор за климата.

ЕИБ и Градот Виена веќе спроведоа неколку проекти за климатски активности, во вкупен износ од 1 милијарда евра, од кои повеќето беа поврзани со мерките за енергетска ефикасност во општинското домување. Градот повеќе од две децении води активна политика за климатско дејствување со својата програма за климатска акција „KLiP“.

Многу важни инвестициски проекти се веќе спроведени со финансирање на ЕИБ, како што се проектот „Енергетска оптимизација на мил“ за главната постројка за пречистување на отпадни води во Виена и сеопфатно термичко реновирање на општинското домување со Винер Вон.

Во иднина, градот Виена и ЕИБ ќе се концентрираат на повеќето релевантни области што се однесуваат на климата, како што се домувањето, енергијата, управувањето со отпадот и транспортот. Градот Виена спроведува амбициозни иницијативи за климатско дејствување од 1999 година, веќе успевајќи да ги намали емисиите на стакленички гасови по глава на жител во градот за вкупно 34% помеѓу 1990 и 2018 година. Новата рамковна стратегија „Паметен град Виена“ постави понатамошни амбициозни климатски цели за иднината. Локалните емисии на стакленички гасови по глава на жител се очекува да паднат за 50% до 2030 година и 85% до 2050 година. Во 2018 година, Виена се приклучи на Пактот за градоначалници за клима и енергија, иницијатива на ЕУ, формирана од Европската комисија. На иницијативата се придружија околу 8 000 власти, вклучително и Париз, Лондон и Берлин.

https://www.eib.org

## 100 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ЕВРОПСКАТА РАКЕТНА ПРОГРАМА

Европската комисија на 21 јануари годинава најави инвестиција од 100 милиони евра во прототип ракетен проект. Европа има за цел да ја задржи цврстата позиција во вселенската индустрија која се предвидува да достигне 1 трилион евра во наредните години. Ариана 6 треба да се лансира оваа година, откако започна неговиот развој во 2014 година, под надзор на Европската вселенска агенција (ESA). Првите четири продолжувања на програмата „Аријана“ поставија околу 50% од светските комерцијални сателити во вселената, почнувајќи од крајот на 1970-тите години и рушејќи го монополот на САД, во лансирање.
Еврокомесарот Тиери Бретон истакна дека “новата ракета е во основата на целта да се гарантира европски автономен пристап до вселената“. Главната нација на индустријата - Франција има голем удел во секторот бидејќи ракетите се лансираат од базата на ESA во француска Гвајана.
Земјите-членки на ESA ги зголемија вложувањата за вселенската програма кон крајот на минатата година, со зголемување на буџетот на агенцијата. Тековните преговори ќе утврдат колку ESA може да очекува од буџетот на ЕУ во текот на следните седум години. Ариана 6 не е наменета за употреба со вселенското летало Орион, за кое соработуваат ЕСА и НАСА. Наследникот на НАСА во вселенскиот шатл ќе се користи за испраќање на астронаутите назад на Месечината, до астероидите, па дури и на Марс. Наместо тоа, вградениот американски систем за вселенско лансирање ќе биде одговорен за испраќање на екипите во орбитата, со првото лансирање на беспилотни мисии за 2022 година. ESA го развива сервисниот модул за мисиите предводени од НАСА, кои ќе обезбедат кислород, електрична енергија и погон на вселенското летало.

https://www.euractiv.com

## ПОГОЛЕМА ВКЛУЧЕНОСТ НА МЛАДИТЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ПОЛИТИКА НА ЕУ



Во Франција помалку од 5% од сите земјоделци се на возраст под 35 години. Бројот на млади луѓе подготвени да ја преземат семејната фарма во моментов не успева да го компензира бројот на оние кои заминуваат во пензија. Спречувањето на натамошното намалување на бројот на земјоделци во Европа треба да биде европска цел, истакна Жереми Десерл, европратеник од партијата на Макрон (ELEM) на тркалезната маса одржана на 28 јануари 2020 година во Париз.
Европскиот Зелен договор и Стратегијата за храна од фармата до вилушка ги обновија надежите за нов пристап кон земјоделските прашања. Од голема важност во Стратегијата за храна е да се вклучи прашањето за одржување на европското земјоделство и земјоделците.
Во подготовка е нова верзија на Заедничка земјоделска политика на ЕУ (CAP), која треба да стапи во сила пред 2022 година и веќе вклучува посилни мерки за младите земјоделци. Таа вклучува одредби како зголемување на износот за започнување бизнис од 70.000 до 100.000 евра. Најиновативна од одредбите е гаранцијата дека 2% од националните исплати ќе бидат наменети за млади земјоделци, преку поедноставени одредби, истакна Марија Фуентес Мерино, претставник на Европската комисија надлежна за политиките за рурален развој во Франција.
Генерациското обновување во земјоделството треба да се разгледува на европско ниво, истакна претседателот на Младите земјоделци, Самуел Ванделе. Зголемувањето на прагот од 2% на 4% ќе покаже реална амбиција.
Прашањето за младите земјоделци во земјоделскиот бизнис зависи од многу фактори, како што се цените на земјиштето, ниската привлечност на професијата и потешкотии во пренесувањето на фармите. Многу земјоделци претпочитаат да го задржат земјиштето и субвенциите од CAP, наместо да преминат на шеми за пензионирање со ниски пензии. Иако Франција се обиде да го донесе прашањето за „пензионирање“ на корисниците на CAP на европско ниво, Европската комисија го отфрли. Според Брисел, исклучувањето на земјоделците над одредена возраст од европската помош претставува дискриминација.

www.euractiv.com

## ПРОИЗВОДСТВОТО НА ПОРТОКАЛИ ВО ЕВРОПА




ec.europa.eu/eurostat

Производството на портокали во земјите-членки на ЕУ во 2018 година е 6,5 милиони тони и претставува највисоко ниво од 2010 година. Најголема берба има во Шпанија со 3,6 милиони тони портокали или 56% од вкупната берба во ЕУ. Специфичните климатски услови за одгледување на портокали се причина производството да биде ограничено на неколку земји-членки на ЕУ. Освен Шпанија, други земји производители се Италија (1,6 милиони тони, или 24% од вкупното ЕУ производство) и Грција (0,9 милиони тони, или 14% од вкупното производство во ЕУ).

Во 2018 година биле одгледани околу 274 илјади хектари на портокали, од нив нешто повеќе од половина од вкупната површина се во Шпанија (140 000 ha), Италија 83 000 ha или 30% од вкупната површина на ниво на ЕУ) и Грција 32000 ha, односно 12% од вкупната засадена површина на ниво на ЕУ.

Поголемиот дел од трговијата со портокали се одвивала во рамките на ЕУ. Околу 2,7 милиони тони портокали во вредност од 1,9 милијарди евра биле извезени од земјите-членки во 2018 година. Поголем дел 2,3 милиони тони или 88% од вкупната вредност бил тргуван меѓу земјите-членки на ЕУ. Околу 3/4 од увозот на портокали во ЕУ доаѓа од Јужна Африка и Египет, односно 1,1 милиони тони портокали во вредност од 0,7 милијарди евра, од земји кои не се членки на ЕУ во 2018 година. Околу 3/4 од увозот е од Јужна Африка (43% од вкупниот увоз на портокали вон-ЕУ во 2018 година) и Египет (30%). Најголем дел од увозот на портокали на ЕУ потекнува од Мароко (8%), Аргентина (4%), Зимбабве (4%), Турција (3%) и Уругвај (2%).

https://ec.europa.eu

Во месец јануари 2020 година од НПАА донесен е Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија.

***ЕУ КАЛЕНДАР / февруари 2020***

1. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 10-13/02/2020, Стразбур, Франција.*
2. *Конференција за стандардизација на компјутерска безбедност 2020, 3/02/2020, Брисел, Белгија;*
3. *Blue Invest Day, 4/02/2020, Брисел, Белгија;*
4. *Совет за надворешни работи на ЕУ, 1702/2020, Брисел, Белгија;*




Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




